на својот пат низ овој реон. Можеби оваа релативна сигурност беше решавачка токму во Кратовско да се одржи Скопскиот револуционерен конгрес во почетокот на јануари од 1905 година, на кој беа донесени важни решенија и од економски карактер. Конгресот работеше неколку дена наполно обезбеден од изненада, зошто неговата безбедност му беше доверена на кратовскиот војвода Атанас Бабата.

Но врховистичките посегања, што подоцна се засилија во Македонија, не го поштедија ни Кратовско. По загинувањето на Атанас Бабата во 1905 година, којшто решително им се спротивставуваше на врховистите[40]) тие ги насочија своите акции а над другите централистички приврзаници од овој крај. Така, во почетокот на 1908 год. по наредба на Тодор Александров, на грозен начин беа убиени спомнатите кратовски војводи и другари на Бабата, Јордан Спасов и Јордан Сакулички. Истата година, на 24 мај, беше отруен од врховистот Стојчо Трошчев основачот на првиот „Револуционерен кружок" во Кратово, учителот Јосиф Даскалов. Таа, 1908 година, беше пресудна за револуционерната борба во овој крај, зашто тогаш преовладеаја врховистичките елементи предводени од Тодор Александров, којшто со своите подоцнешни акции ја компромитира чистата борба што народот од овој крај ја беше започнал меѓу првите.

**А. Лаиновиќ**

# СТОКОВИОТ ПРОМЕТ НА СРБИЈА И АВСТРО-УНГАРИЈА ПРЕКУ СОЛУН ПРЕД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

Да се проучи прашањето — по пат на статистичките податоци — за извозниот и увозниот промет на трговска стока преку Солун што се извршувал од балканските држави и Австро-Унгарија, значи мошне појасно да се согледаат причините за политичката активност на тие држави за прашањата на тн. балканска политика и сите оние бурни настани на кои Балканот долго време им беше крвава човечка сцена. Воочливо е, меѓутоа, дека за така важното прашање, кое се поставуваше и решаваше во условите на конкурентските спротивности на капиталистичките држави, во нашата современа историографија нема поопширни научни трудови, иако за тоа постои изобилство од податоци и во архивскиот и во публицистичкиот материјал. Во прв ред тука се службените трговски документи и податоци за економската политика на сите заинтересирани држави за балканскиот пазар, неговиот економски потенцијал и Солун како извозно-увозно пристаниште. Посебно значење за ова прашање претставуваат архивите на трговските претставништва и агентури, приватните трговски претпријатија

---

[40]) Мартулков, цит. дело, страна 133-134. На ова место Мартулков раскажува како Атанас Бабата го спасува во последен момент војводата Бобе Стојчев кој што требало да биде егзекутиран од штипскиот војвода Мише Развигоров.

и извештаите на европските конзулати, чија мрежа — како што е познатно — била прилично густо разгранета (Солун, Битола, Скопје, Косовска Митровица, Скадар).

Конзулските извештаи обилуваат со разновидни податоци. За илустрација, не навлегувајќи во детална анализа, ќе објавиме два карактеристични, кои на својата влада во Белград ѝ ги испратил српскиот конзул во Солун Живоин Балугџиќ. Едниот е од 1910, адругиот од 1911 година. Обата се наоѓаат во Државната архива на Македонија во Скопје.

Во првиот, Балугџиќ ја изнесува содржината на три извештаи на австро-унгарските конзули од Митровица, Солун и Скадар. Во вториот, тој го прикажува извозниот и увозниот промет на Србија преку Солун. Кога ќе се споредат, јасно се гледа колкав бил замавот на Австро-Унгарија и Италија и со какви тешкотии требало да смета стопанството на Србија и нејзината буржоазија во натпреварот со вака силни противници.

Тие извештаи гласат:

## I.

Српскиот конзул од Солун Балугџиќ, 8.XII.1910, за трговијата на Австро-Унгарија со стара Србија и Македонија.

Солун, 8. дек. 1910 Пов. бр. 915.

Г. Министре,

Извештаите на австро-унгарските конзули за трговијата со стара Србија и Македонија во минатата година се објавени и полни се за нас со интересни забелешки. Јас ќе бидам слободен од три важни извештаи да соопштам во превод некои делови, оставајќи ги без секаков коментар.

Прво е извештајот на конзулот од Митровица, кој уште во почетокот изјавува дека бојкотот воопшто не влијаел врз трговијата на Австрија и Унгарија со неговиот реон. Бојкотот таму траел само два месеца и за тоа време ни една друга држава не успеала да продре „и така трговската положба на Монархијата само уште повеќе се зацврстила“. Бидејќи владата не презема ништо да ги поправи аграрните односи во горните краишта, целиот економски живот е зависен исклучиво од добрата или слаба жетва. Не се преземаат никакви мерки со кои, барем донекаде, економскиот живот на населението би се ослободил од волјата на времето. Во минатата година, покрај жетвата, особено влијание на трговијата имало повлекувањето на трупите од Санџак. Поради тоа повлекување, економската положба во Санџак многу се влошила и тоа без секакви изгледи за подобрување. Таа положба може да се нарече критична, се манифестира не само во отежнатата продажба на земјоделските производи, па според тоа и во опаѓањето на цените на истите, туку и во брзото опаѓање на вредноста на градските имоти.

Откако накратко ги мина резултатите на минатогодишната жетва, митровечкиот конзул — под рубриката „Индустрија“ — ја споменува модерната стругара на Али Драга во Митровица, која дневно произведува 75—80 $m^3$ штици и парната воденица во Приштина, која се издржува исклучиво со лиферување на брашно на војската, а дава еден вагон брашно на ден. Воденицата во Н. Пазар дава I/II вагони дневно.

Целокупната трговија преку Митровица, значи за сите горни краишта, беше:

Извоз:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1909 = | 100.031 | тони = | 3,114.264 | круни |
| 1908 = | 60.795 | тони = | 2,409.973 | круни |

Разлика:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 39.236 | тони = | 704.291 | круни |

Увоз:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1909 = | 124.509 | тони = | 5,225.674 | круни |
| 1908 = | 109.805 | тони = | 4,599.559 | круни |

Разлика:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| = | 147.04 | тони = | 626.115 | круни |

**Увоз преку босанската граница:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1909 = | 86.200 | тони = | 3,300.000 | круни |
| 1908 = | 104.500 | тони = | 4,000.000 | круни |

Разлика:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| = | 18.300 | тони = | 700.000 | круни |

И така, додека, благодарејќи на добрата жетва, и увозот и извозот во 1909 година беше знатно подобар, увозот преку босанската граница значително ослабе поради повлекувањето на трупите од Санџак:

Засилувањето на извозот главно беше во добитокот. Примерот на Србија, која извозува толку добиток во Египет и Италија, имаше големо влијание на овие краишта, кои исто така преку Солун почнаа да извезуваат и овци. Извезено е крупен добиток:

1909 — — — — — — — 9.840 п.
1908 — — — — — — — 8.280 п.

Ситен добиток, овци, извезено е:

1909 — — — — — — — 2.680 п.
1908 — — — — — — — 1.856 п.

Преминувајќи на **увозот,** конзулот констатира дека тој воопшто опаднал, зашто кога ќе се земе дека поради лошата жетва во 1908 увозот на жито во 1909 бил за 258,000 круни поголем и дека увозот преку босанската граница опаднал за 700.000 круни, тогаш со сметање се утврдува дека увозот на сите други артикли опаднал за скоро 250.000 круни. Австрија и Унгарија немаат веќе никаков удел во увозот на алкохол, кој цел прешол на Русија, брашното, маслото и пивото, кои исклучиво го увози Србија. Во останатите артикли Монархијата ја одржала повеќе или помалку својата надмоќност, но — поради опаѓањето на увозот преку босанската граница — и нејзиниот увоз во овие краишта воопшто опаднал. Зголемувањето на увозот на австро-унгарските производи се очекува и во иднина може да се изведе исклучиво по градењето на линијата Увац — Митровица, која несомнено на целиот овој реон ќе има благотворно дејство.

Конзулот, на крајот, констатира дека трговците во горните краишта се во потполна зависност од комисионерите во Солун, па донекаде и во Скопје, но дека прават сé за да се ослободат од зависноста. Тој мисли дека во тоа треба да им се помогне, со испраќање на поголем број агенти кои би ги утврдувале непосредните врски помеѓу потрошувачите од тие краишта и производителите од Монархијата, чии артикли и инаку многу се ценат.

Солунскиот австро-унгарски конзулат изработил минатата година многу опширен трговски извештај од преку 120 печатени страници и тој ја опфаќа трговијата со цела Македонија и стара Србија. Во тој извештај нема општи погледи, туку исцрпни известувања за сите поважни артикли. За општите погледи на трговијата на Монархијата со Македонија останува во сила извештајот од пред две години.

Оддалечен полни 700 километри од царинската територија на Австро-Унгарија и поврзан со неа со железница, која е под австриско протекторатство, посетуван редовно од австриските бродови, Солун и Македонија, која му прави хиндерланд, претставуваат сосема природен пазар за производите на Австрија и Унгарија.

И всушност, постои долгогодишна цврста врска помеѓу австро-унгарските фирми и овдешните трговски куќи, такашто наспроти сѐ поголемата конкуренција на Германија и Италија, увозот на многубројните австриски и унгарски производи сепак расте.

За да се осигури положбата на нашата трговија, би требало нашите индустријалци да покажат што поголема пресретливост спрема овдешните трговци, како во поглед на цените така, и при утврдувањето на општите услови, а и при определувањето на самите квалитети на стоката.

Конзулот советува да се попушти на фрактовите, а особено да се упростат формалностите на границата. Конзулот особено свртува внимание на жалбата на солунските трговци „според која ставовите за стоката што доаѓа од Германија via Хамбург, Белгија, Франција, Англија, па дури и од Америка се мошне многу поповолни, отколку ставовите на Австро-Унгарија преку Фиуме и Трст“.

За жалење е, вели натаму конзулот, што малку се знае „дека во Австро-Унгарија постои специјална тарифа за сообраќај со Левант преку Фиуме и Трст, па многумина трговци плаќаат полна тарифа која е мошне неповолна за овдешната трговија“.

Поради тоа, а и заради скапите кејски такси, големите издатоци за носачите и друго, австро-унгарската трговија со Солун и Македонија почнува постојано да го претпочита железничкиот пат преку Србија пред патот по море преку Трст и Фиуме. Ова особено важи за добитокот, пивото, шеќерот, грозјето, хартијата, брашното, дрвото, петролејот, зашто за сите тие артикли и многу други важи мошне намалената тарифа на железницата.

Во фактот што трговијата на Монархијата со Македонија сѐ повеќе го претпочита тој пат пред патот по море се наоѓа објаснувањето на големата важност што железницата ќе ја има низ Санџак.

Уште сега се рентира патот по суво и без посебни тарифни привилегии за стакларијата, лончаријата, порцуланот, киселината, шеќерот од Унгарија, пивото, алкохолот, петролејот, и разните хемиски производи, зашто сето тоа доаѓа малку или повеќе во специјални вагони, а не може да трпи многу претоварање. Заради тоа и сега алкохолот и шеќерот постојано се купуваат **франко** Белград. Сите тие производи несомнено би поминале по патот Увац — Митровица. Специјално за внатрешноста на Македонија, отприлика до Велес, поповолен е преносот со железница преку Србија и уште за многу други производи, како што се: железото, клинците, кожите, дрвото, штиците, машините. Тоа расположение за пренос по суво уште и би се зголемило, ако би се подигнала железница во Санџак, која на трговијата на Монархијата, особено со Косово, би ѝ дала несомнено голем полет. Освен тоа, и оние производи поради поповолните и исклучителните тарифски ставови — како што се шпиртот, пивото, железото, челикот, машините — би нашле сметка преку санџачката железница да влезат во тие краишта.

За пратките што се одредени за Митровица и Санџак и кои сега во најголем дел, ако не и исклучиво, одат преку Уваџ и Скопје, новиот пат би се употребувал несомнено така што сите станици долж таа нова пруга неминовно со целиот свој економски живот би оделе спрема Унгарија.

Продирањето на австро-унгарските производи преку Скадар му одело, според извештајот на тамошниот конзул, на рака на отворањето на брзиот и директен сообраќај што го утврдил австрискиот Лојд во април 1909 година, но тоа благотворно дејство значително се парализирало во истовременото отворање на мошне важниот пат Бар — Вирпазар.

Бојкотот на австриската стока моментно малку ѝ користел на француската индустрија на шеќер, а малку на италијанската индустрија на пиво и шпирт. Посилни и попостојани штети имало кај клинците, кои досега исклучиво доаѓале од Монархијата а сега во големо количество од Белгија, и кај памучните ткаенини кои сега се донесуваат од Швајцарија.

Трговијата на Монархијата со Скадар, главно, не се изменила. Таа и натаму доминира на овдешниот пазар. **Италијанската конкуренција сѐ повеќе се свртува кон подигање на стопански претпријатија,** но не смее да се губи од предвид дека и италијанската трговија со овој крај зема сѐ посилен полет. Дека при тоа се работи систематски и со јасно обележена цел, се гледа од тој факт што сите

тие стремежи потекнуваат од еден финансиски институт „Banca kommerciale de Milano“. Од таа банка зависи „Kompania di Antivari“ која подигнала пристаниште во Бар и пат Бар — Вирпазар. Под нејзино раководство е новосоздаденото друштво „Societa kommerciale per esportazione italiano in Oriente“, кое си поставило задача да го зајакне увозот на италијанските производи во Албанија. Од истиот финансиски институт е во зависност и единствената банка во Скадар, со која ракува чиновник на таа „Banca kommerciale de Milano“.

**Конзулот предлага што побрзо основање на една австриска или унгарска банка, која би давала кредит на трговците, би се занимавала со работите, а особено со давање пари на подолги рокови врз основа на неподвижни имоти.**

Во целокупната трговија (увоз и извоз) со Скадар учествуваат:

| | 1908 г. | 1909 г. |
|---|---|---|
| | во круни | |
| Австрија | 2,449.700 | 2,489.400 |
| Унгарија | 610.400 | 348.500 |
| Италија | 862.770 | 1,198.270 |

Увозот се покачил од 74.753 тони на 78.384 тони, значи од 5%, а по вредност од 4,238.050 круни на 4,690.750 круни значи од 10%.

Во увозот учествувале:

| | 1908 г. | 1909 г. | 1908 г. | 1909 г. |
|---|---|---|---|---|
| | во тони | | во круни | |
| Австрија | 31.370 | 31.136 | 1,778.500 | 1,863.000 |
| Унгарија | 9.803 | 5.528 | 555.700 | 380.800 |
| Италија | 13.657 | 19.467 | 763.270 | 1,164.970 |

Увозот на австриските производи апсолутно сомнително зајакнал, но пропорционално на целокупниот увоз Италија повеќе се користела. Увозот на италијанските производи мошне паѓа в очи, а особено скока увозот на брашно, памучните производи, јажињата, свилата, медикалиите.

**Новоподигнатиот пат Бар — Вирпазар промената на максималната тарифа од страна на Црна Гора на сите австриски и унгарски производи значително го измениле правецот на трговијата со Скадар. Како увозната така и извозната трговија преку Црна Гора толку опаднала што речиси може да се зборува за катастрофа пред која Скадар се наоѓа.** Додека досега не само Вирпазар, како и Подгорица, Никшиќ и Колашин, се снабдувале преку Скадар сега тие предели се снабдуваат преку Бар, се разбира на штета на австрискиот и унгарскиот, а во корист на италијанскиот извоз. Производот преку Скадар од Адрија за Црна Гора спаднал од 2,873.700 круни во 1908 година на 1,548.960 круни во 1909 година. Притоа најмногу настрадале неколку австриски и унгарски производи упатувани досега преку Скадар за Црна Гора, како што се:

| | 1908 | 1909 |
|---|---|---|
| | во круни | |
| Памучни производи | 174.000 | 17.050 |
| Штавени кожи | 20.000 | — |
| Памучна преѓа | 45.750 | 5.400 |
| Петролеј | 65.650 | 29.848 |

На крајот од овој исто така исцрпен и опширен извештај конзулот свртува внимание до трговскиот свет во Австрија и Унгарија да не се плаши од името на Албанија, зашто и метежите што постојат на север немаат никаков одзив на југ.

Јас намерно ги избрав овие три извештаи, Митровичкиот, Солунскиот и Скадарскиот, затоа што тоа се трите централни точки на австро-унгарската трговија со Македонија и стара Србија. Оставајќи мошне исцрпни детали, јас се сопрев само на главните потези кои и покрај сиот конзулски оптимизам утврдуваат дека трговијата на Австро-Унгарија со овие краишта преживува една мошне голема криза.

Повелете итн. Жив. Балугџиќ, с. р.

Држ. арх. на СРМ во Скопје, Фонд: Јован М. Јовановиќ — Пижон; преписи на извештаите на министерствата и конзулатите, II свеска, I кутија, стр. 47 — 50.

## II.

## Српскиот конзул во Солун Живоин Балугџик, му поднесува на министерот на стопанството Јаша Продановиќ извештај за српскиот увоз и извоз во Солун.

Солун, 13. јануари 1911. П. П. бр. 20.

Г. Министре,

При секој годишен преглед на нашиот извоз станува сé поголема важностана Солун за нашата трговија. Веќе најповршниот поглед на целокупниот наш извоз преку Турција утврдува дека нашата трговија, и покрај сета несреденост на условите дефинитивно, тргна преку Солун. Така, целокупниот наш довоз во Солун беше:

| | |
|---|---|
| во 1908 година | 3059 вагони |
| во 1909 година | 7266 вагони |
| во 1910 година | 8641 вагони |

Иако годината 1910 беше релативно неповолна, затоа што цените на храната долго беа ниски и стоката скоро девет месеци поради шапот не се извозеше, нашиот извоз преку Солун пак порасна и во минатата година за скоро 1.500 вагони, а тоа е за 20%.

Според содржината на предметите, нашиот довоз во Солун беше во вагони:

| | 1908 | 1909 | 1910 |
|---|---|---|---|
| Храна | 1909 | 4636 | 5387 |
| Брашно | 96 | 74 | 83 |
| Волови | 1217 | 2144 | 2497 |
| Кози и овци | 132 | 196 | 104 |
| Свињи | 86 | 94 | 43 |
| Коњи | 12 | 11 | 12 |
| Живина | 6 | 3 | 7 |
| Месо | 194 | 47 | 91 |
| Сланина | 59 | 16 | 154 |
| Салама | 16 | 16 | 39 |
| Сено и слама | — | — | 36 |
| Јужиња | 33 | 30 | 28 |
| Пиво | 30 | 17 | 7 |
| Минерали | — | — | 45 |
| Бакар | 12 | 31 | 39 |
| Биволи | 4 | 5 | 1 |
| Цемент | — | 11 | 5 |
| Кози | — | 4 | 6 |
| Масло и сирење | 2 | 4 | 9 |
| Свежо овошје | — | 2 | 8 |
| Дрво за градење | — | — | 20 |
| Масти | 5 | 8 | 2 |
| Сливи | 45 | — | 12 |
| Волна | — | — | 1 |
| Црева | — | — | 1 |

Одејќи по таблицата, паѓа в'очи опаѓањето на нашиот извоз на свињи: од 86 вагони во 1908 година тој извоз се симнал на 43 вагони во 1910 година. Но тоа е наполно надополнето со извозот на сланина, кој се покачил од 59 вагони во 1908 на 154 во 1910. Извозот на соленото месо опаѓа, но брзо расте извозот на салама. Од 16 вагони во 1908 година и 1909 година извозот се покачил на 39 вагони. Поради причините кои имав чест да ги изнесам во поранешните извештаи, пивото сосема престана да доаѓа ваму. Доаѓа уште малку преку Солун за Битола, но тоа се незнатни количества. Постојано расте извозот на минералите и бакарот. Во статистиките на жел. инспекција оваа година првпат се споменува 45 вагони минерали, а бакарот се качил од 12 вагони во 1908 година на 39 во 1910. Извозот на живината не се покачил, бидејќи е потполно неорганизиран. Ниту има добри кафези, ниту пак во вагоните се обрнува особено внимание на нив, па живината умира во голем број на патот довде. Многу е важно и корисно зголемувањето на извозот на нашето сирење и маслото. Од два вагона во 1908 година извозот на тие производи се покачил на девет вагони во 1910.

Опаднал извозот на цементот, но само привидно. Цементот во предминатата година е довезен 11 вагони, но тоа е, главно за подигање на нашите школи. Во минатата година, пак, се довезени 5 вагони за овдешна потрошувачка.

Во артикалот „Храна" доаѓа:

| | 1908 | 1909 | 1910 |
|---|---|---|---|
| Пченица | 483 | 1117 | 1158 |
| Пченка | 418 | 609 | 2395 |
| Јачмен | 1083 | 2514 | 1318 |
| Грав | — | 70 | 211 |

Значајно е и брзото растење на извозот на пченката, која во минатата година во големи количества беше барана од индустријата. Сето тоа, се разбира, беше извоз на стара пченка. Бројот на вагоните на извезената пченка би бил многу поголем, кога извозот на новата пченка би бил позволен за време на сезоната. И нашиот грав почнува да влегува како важен артикал во светската трговија. Во 1908 година тој во железничката статистика уште не се споменува, во 1909 година извозот веќе изнесува 70 вагони, а во 1910 година тој се покачи на 212 вагони. Неговата побарувачка секој ден станува сé поголема.

Овој преглед на довозот во Солун го дополнувам со неколку бројки за довозот на другите станици до Солун. Според железничката статистика, во 1910 година довозот во вагони беше:

| | во Скопје | разни станици |
|---|---|---|
| Храна | 518 | 11 |
| Брашно | 476 | 369 |

Како што се гледа, извозот на нашето брашно во Турција многу е поголем од неговиот извоз преку Солун. Во Солун во минатата година стигна вкупно 183 вагони брашно, а на другите станици, главно до Велес, 839 вагони. Причината е во многу големиот став, што го плаќа српското брашно во споредба спрема ставовите што го поднесува италијанско-бугарското брашно.

Повелете итн.

Жив. Балугџиќ

Држ. арх. на СРМ во Скопје, Фонд Јована М. Јовановиќа — Пижона, преписи на извештаите на министерствата и конзулатите, II свеска, стр. 69 — 71.

Џ. Беличански

# ВЛАДЕЕЊЕТО НА ЏЕЛАДИН БЕГ ВО ОХРИД

Вистинското име на Џеладин бег било Џелаледин бег, што на албански јазик значи — заштитник на верата. Насекаде во литературата и изворите го среќаваме неговото име како Џеладин бег и така до крај ќе го пишуваме. Управата на Џеладин бег трае околу триесет и седум години, од 1794 — 1831 год. Џеладин бег бил син на албанскиот гази Ахмед-паша, родум од Тоскарија (Албанија) којшто пред 1794 год. управувал во Охрид со своите синови: Махмуд паша, Саид бег, Али бег и Џеладин бег. Од паѓањето на Македонија под Турците Охрид повеќе пати влегувал во составот на скадарскиот пашалук. При крајот на XVIII век Охрид се наоѓал под власт на скадарскиот сатрап Кара Махмуд паша Меџекли и Кара Мустафа паша. Охрид бил пограничен град меѓу северните независни паши во Албанија и на југ независниот Али-паша Јанински. Тој паѓал под власт кога на едната кога на другата страна, но тоа преминување станувало не по мирен начин, туку со војни и големи крвопролевања. Во 1794 год. Али-паша Јанински го зазел градот од скадарските паши. Оваа борба еве како е забележана во охридскиот митрополитски кодекс:

> „Кога султанот го оддели како отстапник Кара-Мустафа, и поради тоа султанот го испрати Али-паша Јанински да ги управува градовите што се наоѓаат под власт на скадарскиот паша. Бидејќи Охрид со крепоста како град беше посигурен, се спротивстави ја Скадарџите и Дебраните против војските на Али-паша Јанински и стана страшна и крвопролевна војна и големи несреќи за охридските жители. По седмодневна битка Али-паша Јанински како победник влезе во крепоста (варош) ... "

Победникот се помири со охридските паши и бегови и еден до нив, четвртиот од петте браќа по име Џеладин бег го постави за управник на Охрид. За да го потчини и за да му биде верен, Али-паша Јанински го приврза кон себе со родбински врски. Во митрополитскиот кодекс стои забележано: " ......... и најпосле стана меѓу Али-паша и управниците охридски сватоштина" ..., Тој му ја даде за жена внука си од сестра по име Саби ханума. Џеладин бег стана зависен господар во Охрид од Али-паша Јанински. Тој по заповед на Али-паша ги ликвидира сите браќа со нивните семејства освен еден — најголемиот којшто успеа да избега во Дебар. Тие беа познати како најсвирепи сатрапи, тирани за христијанското (македонското) население во Охрид. Тогаш Охрид претставувал опустошено место, населено со малубројно христијанско (македонско) и турско население. Али-паша сака мирно да управува со својот во овој крај и прибира приходи. Така Џеладин бег со помошта на Али-паша Јанински преку непозволени средства ги ликвидира своите браќа и стана наполно господар во Охрид. Тој ја прошири својата власт и на околијата. Не бирајќи средства, тој прво се ослободи од браќата, потоа имајќи ја поткрепата на Али-паша Јанински и по него на Мустафа-паша со воjничка сила, по пат на борби со соседните помали паши, успеа едни